# ЗА ИСТОРИЈАТА НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР

„Тиквешкиот гроздобер“ е најстара манифестација од ваков вид во Република Македонија, која го задржа својот идентитет, автентичност и уникатност. На почетокот од септември, секоја година Кавадарци го слави грозјето и виното како „дар од боговите“. Со откинувањето на првиот грозд симболично се означува општата берба на винското грозје во нај лозрскиот регион во Македонија и пошироко.

Тиквешкиот гроздобер претставува продолжение на една долга и богата традиција која на овие простори се одржувала уште во времето на античка Македонија, кога во чест на богот Дионис (Бахус) биле организирани т.н. „Дионисови денови“, на кои присуствувало целото население (слободните граѓани и робовите).

Производството на грозје и вино во овој крај има исто така длабоки корени. Античките Македонци и старите Римјани виновата лоза ја одгледувале со голема љубов и умешност, за што сведочат бројните археолошки артефакти (стели, рељефи, барељефи, мозаици и т.н.), пронајдени во овој крај. Виното било пијалок на сите сталежи и на богатите и на сиромасите, служело како платежно средство а со него можел да се плати и данокот на државата. Лозарството продолжило да се развива и во средниот век, а главни негови центри биле црковните и манастирските имоти, каде се приготвувало најубавото вино.

Со доаѓањето на Турците Османлии и нивните освојувања во овој дел од Македонија во извесна мерка стагнира лозарството, бидејќи со Куранот била забранета употребата на алкохолни пијалоци. Денес Кавадарци со право може да се пофали дека е најголем производител на грозје и вино во Македонија и еден од најголемите на Балканот.

Идејата за организирање на Тиквешкиот гроздобер ја дал менаџерот на групата „Мањифико“, Борис Низамовски во февруари 1964 година кога неговата група гостувала во Кавадарци, инспириран од една слична гроздоберска манифестација во градот Дижон-Франција. Токму тоа било и основната причина поради која општинското раководство на Кавадарци (Љупчо Шкартов и Киро Роглев) во 1964 година го организира првиот Тиквешки гроздобер, манифестација која има културен, туристички и стопански карактер.

Првиот организационен одбор за одржување на манифестацијата „Тиквешки гроздобер“ броел 60 членови, кои биле задолжени за изготвување на сценариото на самата манифестација, за естетско уредување на градот, кореографија, костимографија при што биле вклучени ликовните уметници: Јован Јосифовски-Ромбо, Ружица Јосифовска, Никола Баснарков, Петар Наневски, Агна Дренковска и др. Голема заслуга во одржувањето на тиквешките гроздобери даваат основните и средните училишта во Кавадарци.

На „Тиквешкиот гроздобер“ учествуваат многу познати и признати уметници во тогашна Југославија како: Петре Прличко, Љупка Димитровска, Зафир Хаџиманов, Сенка Велетанлиќ, Мија Алексиќ, Миодраг Петровиќ-Чкаља, Лола Новаковиќ, Предраг Гојковиќ-Цуне, Тереза Кесовија, Ѓорѓе Марјановиќ и др.

Првиот грозд на Тиквешкиот гроздобер на 7 септември 1964 година, го откинал Диме Галапчев, директор на АК „Тиквеш“. На Тиквешките гроздобери се организираа најразлични културни манифестации, гостуваа најпознатите интерпретатори на народни и забавни песни, актери, хумористи, спортисти.

Кавадарци беше препознатливо и по мото трките во организација на АМД „Страшо Пинџур“ кои се бодуваа за Државното првенство на Југославија.

На почетокот во првите 5 години од одржувањето редовен сегмент од гроздоберските свечености беше и одигрувањето на театарска претстава на античкиот театар во Стоби како уметнички спој на знтичките Дионисови денови со модерните гроздоберски празнувања. За првпат во склоп на гроздоберот на театарот во Стоби 1964 година е прикажана и античката трагедија „Антигона“ во изведба на ансамблот на Македонскиот народен театар од Скопје со легендарната Мери Бошкова во главната улога.

Заштитен знак на манифестацијата во времето од 1964 до 1981 година е карневалската процесија со маскирани учесници од кавадаречките средни и основни училишта. Тие низ дваесеттина карневалски поставки ја прикажуваа традицијата на одгледување на виновата лоза, како и производството на вино, ракија, маџун и р'чели.

Централна личност на карневалот беше богот Бахус облешен во црвен плашт со голем глинен пехар во раката и круна од лозови гранки на главата. Тој на чело на поворката постојано беше придружуван однајубавите девојки во градот кои исто така беа облешени во плаштови од бела боја и ленти со испишани имиња на најувавите кавадаречки вина. Завршната церемонија на гроздоберскиот карневал по правило беше откинувањето на првиот грозд и рецитирањето на гроздоберската здравица за успешна и бериќетна реколта.

Првиот кавадарчанец кој ја имаше честа да биде предводник на карневалот беше Блажо Јанев Пецов кого потоа кавадарчани му го дадоа прекарот Блажо -Бахус.

После него како богот Бахус на кавадречкиот карневал настапуваа Блажо Златевски-Динарот, Александар Видиков, Данчо Бањански и последниот во низата Александар Малинков. Секој од нив остави свој белег во богатата карневалска традиција на гроздоберскиот карнавал.

Во периодот од 1981 до 1995 година поради финансиски и технички причини, Тиквешкиот гроздобер не се организирал.

По скромниот обид во 1996 година да се обнови Тиквешкиот гроздобер, во 2000 година градоначалникот и Советот на општина Кавадарци донесуваат одлука манифестацијата Тиквешки гроздобер да биде традиционална, да се организира секоја година со цел да стане препознатливо обележје на Кавадарци и Тиквешијата како најзначаен лозаро-винарски регион во Република Македонија.

Карневалската поворка е главниот настан и во обновениот „Тиквешки гроздобер“ од 2000 година наваму. Но со таа разлика што сега карневалското дефиле се базира на претставување на кавадречката винска традиција со нагласок на етно мотивите од тиквешкиот крај. Богот бахус е само симболично затапен во дефилето на карневалските групи.

Во „Винскиот карневал“ покрај маскираните групи од Кавадарци постојани гости се и карневалските поставки од карневалите во Струмица, Прилеп, Вевчани, Птуј, Макарска, Лесковац, и од останатите збратимени и карневалски градови од регионот со што карневалот има и меѓународен карактер. Секоја година во „Винскиот карнева“ учествуваат над 1000 маскирани лица во повеќе од 30 поставки.

Неодминлив дел од гроздоберските свечености е и „Детскиот карневал“ кој се организира на последниот ден од манифестацијата. На оваа процесија учествуваат децата од нижите паралелки од кавадаречките основни училиште, а

тие редовно се преправени во маски на нивните омилени детски ликови, а има и голем број на поставки каде детската фантазија е максимално изразена.

Кавадарци како град  со богата карневалска традиција од почетокот на минатата деценија е член на меѓународната федерација на карневалски градови. Членството во оваа најмасовна карневалкс асоцијација се заснова на традицијата која општината ја има во организирањето на карневал.

Оваа традиција опстојува и го слави грозјето и виното.

**Димитар Мурџев**